РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
Бр. **09 - 209 / 8**
28.03.2025
СКОПЈЕ

Врз основа на член 93 и 94 в.в со член 31 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018, „Сл. весник на РСМ" 178/21 и „Сл. весник на РСМ" 58/24) и член 74 од Статутот на Универзитет Американ Колеџ Скопје, Универзитетскиот Сенат на Универзитет Американ Колеџ Скопје на својата 3-та седница одржана на 28.3.2025 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за избор на студентски правобранител на Универзитет Американ Колеџ Скопје**

1. Со оваа одлука се избира Нина Величковска, студентка од прва година на Факултетот за деловна економија и организациони науки, за студентски правобранител на Универзитет Американ Колеџ Скопје, со мандат од 2 (две) години од денот на изборот, без можност за реизбор.
2. Мандатот на претходниот студентски правобраните на УАКС, Јана Петровска избрана на 8.3.2023 година, престанува со изборот на новиот студентски правобранител.
3. Овластувања кои ги има студентскиот правобранител се:
    - Постапува по поднесок од страна на студент или по сопствена иницијатива доколку увидел дека е повредено право на студент од страна на органите на Универзитетот или друг член на академската заедница на Универзитетот;
    - Посредува во спорови помеѓу студентите и органите на Универзитетот, студентите и член на академската заедница на Универзитетот;
    - Дава препораки во конкретни случаи со цел разрешување на спорови;
    - Презема дејствија за кои е надлежен и по сопствено наоѓање. Ако започне постапка по сопствена иницијатива, потребна е согласност од студентот на кого му се повредени правата;
    - Става на јавна дискусија прашањата поврзани со системот на заштита на студентските права и кршењето на студентските права, и заклучоците од тие

прашања да ги промовира со цел подобрување на квалитетот на високото образование и заштитата на студентските права;

- Соработува со домашни и странски владини и невладини институции;
- Се состанува со замениците студентски правобранители на Универзитет Американ Колеџ Скопје,
- Врши и други надлежности доделени од Сенатот на Универзитетот или од Универзитетското студентско собрание

При вршењето на својата работа, студентскиот правобранител се води од принципите на непристрасност, недискриминација, доверливост, достапност, одговорност, отчетност и законитост.

4. Студентскиот правобранител не е овластен да ги застапува студентите пред други државни органи, односно во ниту една ситуација не може да ги штити правата на студентите надвор од академската заедница.
5. Обврски на студентскиот правобранител:
   - За својата работа студентскиот правобранител поднесува годишен извештај до Универзитетскиот Сенат, најдоцна до 1 март тековната година за претходната година.
6. Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.
7. Одлуката се доставува до именуваното лице, генералниот секретар и до архивата на Универзитетот и до Телото за самоевалуација и квалитет на УАКС.

**Универзитетски Сенат**
**Претседателка**
**доц. д-р Ивона Милева**

Ивона Милева
Digitally signed by Ивона Милева
Date: 2025.03.28 09:09:03 GMT